08 - 1250/3
17 -06- 2024

Врз основа на член 22 и чл.23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на првото продолжение на 6-тата седница одржана на ден 12.06.2024 година донесе

## *ОДЛУКА*

Постапката по предмет со бр.08-3842/1 од 09.10.2021 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со бр.08-3842/1 од 09.10.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката да се објави на ВЕБ страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со бр.08-3842/1 од 09.10.2021 година е оформен по сопствена иницијатива.

ДКСК изврши увид во својата евиденција и констатира дека лицето ___________ во законски предвидениот рок по престанок на функцијата директор на _________, орган во состав на Министерството ___________ не поднел изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата.

ДКСК изготви записник за констатиран прекршок и прекршочен платен налог и истите ги достави до _________. Истиот на ден 24.03.2022 година ја платил глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Изготвил**: м-р Н.Т-М, советник
**Одобрил**: м-р Б.К.Ш, член

Претседател
Татјана Димитровска